MKD-CIRT | АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДГОВОР НА КОМПЈУТЕРСКИ ИНЦИДЕНТИ

# Образец – Барање за регистрација за користење на услуга за надворешна сајбер-безбедносна проверка на веб-апликации

Организација: Агенција за електронски комуникации
Национален центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT

Верзија 1.0

**Упатство за користење на образецот:**

Идентитет на овластеното лице
Профил: Лицето што е овластено да ја авторизира услугата за надворешна сајбер-безбедносна проверка на веб-апликации - WebCheck.

Идентитет на технички контакт
Профил: Одлично познавање на ИТ архитектурата, web апликациите и системите што ги користи организацијата. Задолжително располага со знаења за компјутерски мрежи и/или информациски системи (на пример системски администратор или мрежен администратор во организацијата)

Пополнет образец
Откако образецот е пополнет, Ве молиме испратете го до MKD-CIRT.

Преку пошта:
Агенција за електронски комуникации
Национален центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Преку факс:
+389 2 3224 611

или преку електронска пошта:
info@mkd-cirt.mk

Општи услови / Правна рамка
Информациите од овој формулар се неопходни за идентификација на контакт-лица во вашата организација за комуникација со MKD-CIRT за следните намени:
- Формирање на мрежа за размена на информации меѓу MKD-CIRT и конституентите
- Контактирање на лицата наведени во формуларот за користење на услугите на MKD-CIRT кои се однесуваат на надворешна сајбер-безбедносна проверка на веб-апликации кои се во сопственост на вашата организација
- Согласно Законот за електронски комуникации
- Согласно Годишна програма за работа на MKD-CIRT

Овие информации нема да се споделуваат со трети лица без Ваша согласност.

TLP:WHITE (за празен формулар)/TLP:AMBER (за пополнет формулар)
Класификација: Доверливо (за пополнет формулар)

MKD-CIRT | АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ | НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДГОВОР НА КОМПЈУТЕРСКИ ИНЦИДЕНТИ

## СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА

### Услуга за надворешна сајбер-безбедносна проверка на веб-апликации

Услугата што е предмет на оваа согласност се однесува на автоматска месечна надворешна сајбер-безбедносна проверка на веб-апликација која е во сопственост на организацијата потписник на ова Барање, која што е јавно достапна преку Интернет со одредена URL или IP адреса.

Услугата ја обезбедува Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (во натамошниот текст MKD-CIRT) и Агенцијата за електронски комуникации. Услугата е наменета за организацијата што е сопственик на веб-апликацијата и која го доставува овој пополнет образец за Барање и потпишана согласност. Услугата е бесплатна за организациите – органи на државна управа и конституенти на MKD-CIRT. Достапноста и користењето на услугата е предмет на одобрување од страна на Агенцијата за електронски комуникации и Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT, согласно програмата за работа на MKD-CIRT, планот за работа и расположливите капацитети.

Услугата се реализира како „услуга во облак“ (cloud service) преку користење на Qualys Web Application Scanner. Организацијата – корисник на услугата нема трошоци за нејзино нормално, тековно користење кое е согласно условите за користење на услугата, доставената документација и упатства.

Услугата вклучува корисничка сметка за организацијата подносител на барањето, за пристап до услугата и можност за рачно скенирање на веб-апликацијата и генерирање и преземање на извештаи поврзани со откриени сајбер-безбедносни ранливости и неусогласености на скенираната веб-апликација.

### Регистрација

По потпишување на овој образец за Барање и согласност за користење на услугата, и по прифаќањето на вашето Барање за регистрација од страна на MKD-CIRT, ќе имате право да пристапите и да ја користите Услугата во согласност со условите на оваа согласност која доброволно ја давате. Услугата ќе ви овозможи автоматско месечно скенирање на URL адреса наведена во образецот, која е сопственост на организацијата со името на организацијата што го вклучувате при регистрација, за период од најмногу 2 (две) години.

### Корисничко име и лозинка

По прифаќањето на вашето барање од страна на MKD-CIRT, ќе бидете регистрирани и ќе добиете порака по е-пошта на адресата на „Технички контакт“ со линк за да генерирате сопствено корисничко име и лозинка за пристап и користење на услугата („Сметка“). Qualys Web Application Scanner (WAS) решението ја чува вашата лозинка во шифрирана форма и само вие имате пристап до неа. Вие ќе бидете одговорни за чување на доверливоста на вашето корисничко име и лозинка. Должни сте веднаш да го известите MKD-CIRT за активности поврзани со неовластено користење на вашето корисничко име или лозинка или доколку се сомневате во такво нешто. До моментот кога ќе го известите MKD-CIRT и тој направи повторно поставување на вашата лозинка, за какво било неовластено користење на сметката или лозинката на вашиот кориснички профил, вие (организацијата) ќе бидете одговорни за сите активности и трошоци направени преку употреба на вашето корисничко име и лозинка како и за какви било побарувања, одговорности, штети, загуби и трошоци што резултирале од таквата злоупотреба.

### Користење на услугата

Вашето користење на услугата е предмет на следниве ограничувања и Вие со овој документ се согласувате на следниве точки:

(а) Вие ќе ја користите услугата само за легална, законска и соодветна цел и во согласност со овој документ ги следите и сите применливи политики или упатства обезбедени од производителот и давателот на услугата и ажурирани од време на време на неговата web страна;

(б) Можете да ја користите Услугата, само за скенирање на регистрирана URL или IP адреса што е во сопственост на и регистрирана од организацијата, за која треба да имате (овластеното лице) целосно право и овластување да одобрите скенирање.

(в) Вие нема да извршите никаква активност што ја попречува или нарушува Услугата или серверите или мрежите поврзани со Услугата

(г) Услугата ќе се користи исклучиво за ограничена цел да пристапите до корисничкиот интерфејс на Услугата и да ги прегледате извештаите, за промена на дефинираниот термин за месечна сајбер-безбедносна проверка на регистрираната веб-апликација и да отпочнете рачно скенирање на истата веб-апликација, само за ваши внатрешни организациски цели.

(д) Вие не можете да ја користите Услугата ако сте конкурент на производителот и/или давателот на услугата, ниту да ги користите Извештаите за анализа на конкуренцијата. Не е дозволено јавно објавување на извештаите од користењето на услугата и резултатите од сајбер-безбедносната проверка и не е дозволено јавно објавување на споредба на резултатите и извештаите од користењето на оваа услуга со други услуги.

(ѓ) Услугата престанува да се користи по доставено Барање за прекин на услуга потпишано од одговорното лице на организацијата и доставено до MKD-CIRT (во слободна форма), или по истек на периодот за користење на услугата од две години. По откажување или раскинување на согласноста, мора да престанете со секоја употреба на Услугата, вклучително и преземање на Извештаите.

(е) Агенцијата за електронски комуникации и MKD-CIRT го задржува правото да ја прекине достапноста и користењето на услугата од страна на организацијата која го поднесува ова Барање, во случаи на неетичко и неправилно користење или злоупотреба на услугата, или од други причини. За ова MKD-CIRT ќе ја извести организацијата пред престанокот на достапноста на услугата.

**Доверливост и интелектуална сопственост**

Сите права на интелектуална сопственост се во сопственост на производителот и давателот на услугата и / или неговите лиценцирачи.

Организацијата корисник на услугата се согласува да не поставува никакво барање за интерес во овие права или за сопственост врз нив и да не објавува јавно или открива на трети лица/страни информации за сопственикот и давателот на услугата.

Организацијата корисник на услугата се согласува дека сите податоци и информации содржани во Услугата или во Извештаите се доверливи информации на производителот и давателот на услугата. Организацијата корисник на услугата се согласува да ги чува таквите информации како доверливи согласно TLP (Traffic Light Protocol) класификацијата и да не ги открива на трети страни и да не ги објавува јавно. TLP класификацијата не значи користење на национална категоризација на класифицирани податоци.

Организацијата корисник на услугата се согласува дека услугата ќе се користи исклучиво за ограничената цел за генерирање Извештаи од услугата и користење на овие Извештаи исклучиво за внатрешни деловни цели, само заради идентификување на потенцијалните ранливости на веб-страницата. Организацијата е согласна и ја презема одговорноста дали и на кој начин ќе постапи по најдените слабости и ранливости во извештаите. Производителот и давателот на услугата и MKD-CIRT

не сносат никаква одговорност и немаат обврска во активностите на организацијата за постапување по најдените слабости и ранливости наведени во Извештаите. Безбедноста на веб-апликацијата и системите на организацијата преку кои таа е јавно достапна, се одговорност на самата организација. Производителот и давателот на услугата и MKD-CIRT не сносат никаква одговорност и не гарантираат заштита на веб-апликацијата што е во сопственост на организацијата и што ја користи оваа услуга..

Организацијата корисник на услугата се согласува MKD-CIRT да има пристап до извештаите за откриените ранливости и слабости на веб-страницата и до резултатите од користењето на услугата за надворешна сајбер-безбедносна проверка од страна на организацијата. MKD-CIRT нема јавно да ги објавува информациите од овие поединечни извештаи и од резултати од сајбер-безбедносна проверка и нема да ја идентификува организацијата – корисник на услугата. MKD-CIRT го задржува правото за користење на информации од извештаи од скенирање на секоја една веб-апликација во цели за анализа и дополнителни истражувања, како и за изработка и објава на кумулативни и/или агрегациски извештаи со задолжително анонимизирање на податоците за организацијата – корисник на услугата и задолжително анонимизирање на податоците за веб-апликацијата. што е предмет на сајбер-безбедносна проверка.

**Скенирање; Отштета**

Вие ја претставувате организацијата – корисник на оваа услуга и гарантирате дека имате целосно право и овластување да прифатите извршување на надворешна сајбер-безбедносна проверка на URL или IP адреса на веб-апликацијата која е регистрирана на име на организацијата. Со ова вие ги ослободувате од одговорност MKD-CIRT, производителот и давателот на услугата, од какви било побарувања од трети страни, тужби, обврски, загуби, штети, пресуди, награди, казни и трошоци настанати или побарани од истите што произлегуваат од или се засноваат на вашата употреба или неможноста да ја користите услугата, вклучително и какво било барање што произлегува од вашето не соодветно или штетно користење на услугата.

Поради природата на скенирањето (сајбер-безбедносната проверка), Вие прифаќате и се согласувате дека Услугата вклучува значителен ризик и како последица на тоа, Вие го преземате ризикот за сите штети, загуби и трошоци што произлегуваат од вашата употреба на Услугата и се согласувате дека вашето користење на услугата го правите на свој ризик.

Како мерка на претпазливост препорачано е да направите full backup (снимите комплетна резервна копија) на системот на кој е поставена веб-апликацијата пред да отпочне секое едно скенирање, како би можеле да го вратите системот во првобитната состојба во случај на проблем!

**Промени во согласноста**

Освен ако не е поинаку предвидено во овој документ, Вие се согласувате, за време на траењето на користењето на услугата во период од не повеќе од 2 (две) години, производителот и давателот на услугата и MKD-CIRT да може:

(а) да ги ревидира условите и условите на ова Барање и согласност; и / или

(б) смени дел од услугите обезбедени со овој документ, во кое било време.

Секоја таква ревизија или промена ќе биде обврзувачка и ефективна триесет (30) дена по објавувањето на ревидираниот документ или промената на Услугата, на веб-страницата на производителот и давателот на услугата или на веб-страницата на MKD-CIRT, или откако MKD-CIRT ќе испрати известување по е-пошта до адресите на организацијата наведени во овој документ. Вие се согласувате периодично да ја прегледувате веб-страницата на производителот, вклучително и тековната верзија на овој документ, за да бидете запознати за сите такви ревизии. Ако не се согласувате со каква било

ревизија на овој документ, веднаш ќе престанете да ја користите услугата и/или извештаите. Со продолжување на користење на Услугата по секоја ревизија на овој документ или промена во Услугата, Вие се согласувате да ги почитувате со условите на тие ревизии или промени.

## Опис на организацијата

Име на организацијата [ ]

Даночен број [ ]

Тип на организација
- ☐ Државен орган
- ☐ Оператор на критична инфраструктура
- ☐ Јавно претпријатие
- ☐ Приватна организација

Дејност
- ☐ Снабдување со вода
- ☐ Истражување и образование
- ☐ Транспорт
- ☐ Енергетика
- ☐ Услуга за итни случаи
- ☐ Информациски и комуникациски технологии
- ☐ Финансиски услуги
- ☐ Друго [ ]

Адреса [ ]

Поштенски број [ ] Град [ ]

Земја [Република Северна Македонија]

Телефонски број [ ]

Број на телефакс [ ]

Адреса за електронска пошта [ ]

AS (Autonomous system) броеви [ ]

Имиња на домени [ ]

Јавни IP адреси соодветни на url адреси за скенирање [ ]

URL адреси за веб-страници за скенирање [ ]

Одговорно лице [ ]

(потпис)

(М.П.)

Верзија 1.0

MKD-CIRT | АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДГОВОР НА КОМПЈУТЕРСКИ ИНЦИДЕНТИ

## Овластено лице

Лицето што е овластено да ја авторизира и одобри услугата за надворешна сајбер-безбедносна проверка (скенирање) на веб-апликации на организацијата подносител на Барањето

Презиме ____________ Име ____________

Вид на контакт: Обезбедувач на информации

Работно место ____________ Одделение/ Сектор ____________

Работно време од ____ до ____ часот, Локација ____________

Фиксен тел. број ____________

Достапност од ____ до ____ часот, од ден ____ до ден ____

Мобилен тел. број ____________

Термин за месечно тестирање од ____ до ____ часот, од ____________

Адреса за е-пошта ____________

PGP клуч ако поседува 0x

Коментар: Месечното тестирање е пожелно да биде надвор од работното време, на пр: од 20:00 до 07:00 часот секој четврток од последната недела во месецот

Забелешка: Ако документот рачно го потпишувате, дополнително испратете ја PDF верзијата за обработка на доставените податоци на адреса за електронска пошта info@mkd-cirt.mk. Доколку документот дигитално го потпишувате, внимавајте потпишувањето да го направите по целосно пополнување на образецот, бидејќи со потпишувањето се заклучува содржината на образецот од измени.

MKD-CIRT АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДГОВОР НА КОМПЈУТЕРСКИ ИНЦИДЕНТИ

## Технички контакт (примарен)

Профил: Одлично познавање на ИТ архитектурата, web апликациите и системите што ги користи организацијата. Задолжително располага со знаења за компјутерски мрежи и/или информациски системи (на пример системски администратор или мрежен администратор во организацијата). Лице кое ќе добие пристап за користење на услугата и кое ќе може да иницира сјабер-безбедносна проверка на веб-апликацијата наведена во овој образец, да иницира промена на закажаното месечно скенирање и ќе има пристап до Извештаи за откриени слабости и ранливости.

Презиме ____ Име ____

Вид на контакт: Технички / Приоритет на контакт: ПРИМАРЕН

Работно место ____ Одделение/ Сектор ____

Работно време од ____ до ____ часот, Локација ____

Фиксен тел. број ____

Достапност од ____ до ____ часот, од ден ____ до ден ____

Мобилен тел. број ____

Достапност од ____ до ____ часот, од ден ____ до ден ____

Број на телефакс ____

Достапност од ____ до ____ часот, од ден ____ до ден ____

Адреса за е-пошта ____

PGP клуч ако поседува 0x

☐ Во случај на компјутерски безбедносен инцидент во организацијата, информирајте го ова лице. Во случај на инцидент надвор од достапното време, Ве молиме контактирајте го ова лице на еден одследните начини:

☐ Телефон ☐ СМС ☐ Друго ____

☐ Факс ☐ Е-пошта

MKD-CIRT | АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДГОВОР НА КОМПЈУТЕРСКИ ИНЦИДЕНТИ

Верзија 1.0

## Технички контакт (замена, се пополнува ако постои во организацијата)

Профил: Одлично познавање на ИТ архитектурата, web апликациите и системите што ги користи организацијата. Задолжително располага со знаења за компјутерски мрежи и/или информациски системи (на пример системски администратор или мрежен администратор во организацијата). Лице кое ќе добие пристап за користење на услугата и кое ќе може да иницира сјабер-безбедносна проверка на веб-апликацијата наведена во овој образец, да иницира промена на закажаното месечно скенирање и ќе има пристап до Извештаи за откриени слабости и ранливости.

Презиме [ ] Име [ ]

Вид на контакт: Технички / Приоритет на контакт: ЗАМЕНА

Работно место [ ] Одделение/ Сектор [ ]

Работно време од [ ] до [ ] часот, Локација [ ]

Фиксен тел. број [ ]

Достапност од [ ] до [ ] часот, од ден [ ] до ден [ ]

Мобилен тел. број [ ]

Достапност од [ ] до [ ] часот, од ден [ ] до ден [ ]

Број на телефакс [ ]

Достапност од [ ] до [ ] часот, од ден [ ] до ден [ ]

Адреса за е-пошта [ ]

PGP клуч ако поседува [ 0x ]

☐ Во случај на компјутерски безбедносен инцидент во организацијата, информирајте го ова лице. Во случај на инцидент надвор од достапното време, Ве молиме контактирајте го ова лице на еден одследните начини:

☐ Телефон ☐ СМС ☐ Друго [ ]

☐ Факс ☐ Е-пошта



Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
Телефон: +389 2 3091 232
Факс: +389 2 3224 611
https://mkd-cirt.mk
info@mkd-cirt.mk